КУЌЕН РЕД НА СТГУ НА ГС „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“

Според Законот за средно образование и воспитание, како и Статутот на Училиштето, учениците имаат права кои ги остваруваат преку наставата и другите облици на воспитно-образовна работа, а истовремено имаат и обврски коишто треба да ги исполнуваат и почитуваат.

Работата во Училиштето се одвива според куќен ред кој го утврдува Училишниот одбор.

1. Училиштето работи во две смени. Првата смена е од 08:00-13:45 часот, а втората смена е од 13:45-19:30 часот.
2. Учениците доаѓаат на настава и на други облици на воспитно-образовна работа најдоцна пет минути пред почетокот на наставата или другите облици на воспитно-образовна работа. Главниот влез се затвора во 08:10, односно 13:55 часот.
3. По завршувањето на наставата учениците ја напуштаат училишната зграда, освен во случај на воннаставна активност или работа во ученичките организации.
4. На учениците им се забранува минување низ службениот влез.
5. Сите потреби од административен карактер учениците ги остваруваат исклучиво преку класните раководители (потврди, ученички легитимации, уверенија и сл.)
6. Ученик кој од оправдани причини ќе задоцни на настава до пет минути, предметниот наставник е должен да го прими на час, да евидентира во дневникот дека задоцнил, а класниот раководител да го регулира изостанувањето. Подолго изостанување од часовите нема да се толерира, односно на ученикот нема да му биде дозволено да влезе на час.
7. Учениците се должни пристојно да се облекуваат, за да не се издвојуваат од средината и да не го привлекуваат вниманието на другите ученици во наставата (не е дозволено да се носат куси пантолони, куси маици и сл.)
8. Во случај кога наставник од било која причина не е на час, потребно е дежурниот ученик да му се обрати на раководителот за настава, заради регулирање на часот.
9. Додека трае час, забрането е шетање низ ходниците за да не се наруши текот на наставата.
10. За време на наставата, во училишната зграда мора да има потребна работна атмосфера.
11. Најстрого се забранува групно бегање од часовите. Изгубените часови мора да се надополнат, а на учениците ќе им бидат изречени соодветни педагошки мерки.
12. Во училишната зграда и училишниот двор се забранува пушење, како и носење и конзумирање на алкохол.
13. Должност на сите ученици е културно и домаќински да се однесуваат кон училишниот имот, а тоа значи да се одржува хигиена и да се чуваат и одржуваат кабинетите, училишниот инвентар, инсталациите, завеси и сл. Секоја направена штета ќе се надокнадува.
14. Најдоследно да се почитува правилникот за употреба на учебниците, а тоа значи:

- На почетокот на учебната година, сите ученици ќе добијат комплет бесплатни учебници.
- Учениците не смеат да ги оштетуваат учебниците, да потцртуваат или да означуваат одделни делови од текстот во учебникот.
- По завршувањето на наставната година, учениците се должни да ги вратат учебниците неоштетени, освен учебните помагала (работни тетратки, вежбанки и сл.).

- Учениците кои се упатени на поправен испит, комплетот учебници го враќаат по завршување на учебната година, освен учебните помагала (работни тетратки, вежбанки и сл.).
- Ако ученикот не го врати комплетот на учебници или го врати оштетен, неговиот родител односно старател ќе ја надомести вредноста на комплетот на учебници во висина од 70%.
- Секој ученик, во моментот на добивање на комплетот бесплатни учебници ќе добие и список на нумерирани книги што ги содржи комплетот, упатство за нивно користење, за одговорност при оштетување, уништување или губење на учебникот.
- Степенот на оштетување на учебниците ќе го утврдува комисија формирана од страна на директорот.

15. Најдоследно да се почитува правилникот за користење на компјутерите, а тоа значи:

- Ученикот кој на час намерно или од невнимание му предизвика штета на училиштето, должен е истата да ја надомести.
- Доколку ученикот од невнимание или со намера оштети компјутер додека е на настава, должен е истата да ја надомести.
- Ако повеќе ученици предизвикаат штета на компјутерите, секој е одговорен за делот на штетата што ја предизвикал.
- Доколку ученикот украде или предизвика штета на компјутерите надвор од наставата или време на одмор, должен е штетата да ја надомести.
- Доколку сторителот не е познат, а штетата на компјутерите е направена во кабинет за време на настава, учениците од класот се должни колективно да ја надоместат штетата.
- Ако утврдувањето на висината на штетата би предизвикало несразмерни трошоци за учениците, обесштетувањето може да се определи во паушален износ.

16. Посебно место во животот и работата на учениците во училишната зграда треба да зазема развивањето на еколошката свест и чувањето на работната средина во која учениците минуваат поголем дел од денот.

17. При влез во кабинетите, учениците задолжително треба да ги оставаат мобилните телефони на означено место. Забрането е користење на мобилните телефони за време на наставата и тие мора да биде исклучени, освен за потребите на наставата, со дозвола од предметен професор.

18. Изостанувањето од настава, ученикот го оправдува на класниот час.

19. Учениците во училиштето кои се истакнуваат со својата работа, успех и поведение, ќе бидат пофалени и наградени.

Пофалбите, дипломите и наградите ќе се доделуваат на крајот на наставната година.

Куќниот ред е разгледан и усвоен од Наставничкиот совет на СГГУ на ГС „Здравко Цветковски“ на седница одржана на 21.08.2026 година и е донесен од Училишниот одбор со Одлука бр. 02-1174/1 од 26.08.2026 година.

Скопје, август 2026

в.д. Директор

м-р Стево Павловски

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно градежно гимназиско училиште на град Скопје
Shkolla e mesme e ndërtimtarisë dhe gjimnazit e qytetit të Shkupit
ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ - ZDRAVKO CVETKOVSKI
Бр.-Nr. 03-1174/2
26.08.2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP